Ко-финансирано од Европска Унија

Број на проект: 2022-2-FR02-KA220-YOU-0B6EBB79

# СООПШТЕНИЕ

**Втор состанок на партнерските организации на проектот Hold On**

**16.10.2023**



## Работен пакет 2: Градење на капацитетите на младите

Вториот транснационален состанок на Еразмус+ проектот HOLD ON е завршен. Партнерите првично ги разгледаа резултатите од истражувањето и разговараа за претстојното истражување фокусирано на политиките за обезбедување врсничка поддршка во секоја земја.

## Започнување со работен пакет 3: Негување поддржувачки средини

Партнерите од Македонија и лидер на РП3, КМОП – Скопје, го претстави третиот работен пакет. Работниот пакет 3 се однесува на важноста на посветеноста на обезбедување и пристап до квалитетни неформални услуги за ментално здравје фокусирани на младите на местата каде младите го поминуваат своето време и се поврзуваат со други, како што се образовните институции, младинските центри, центрите за работа, културните центри, спортските центри и други не- медицински даватели на услуги.

Лидерите дадоа информации за развивање на Извештајот за увид во состојбите во врска со менталното здравје на младите во европските земји и Прирачникот. Секој партнер ќе го преземе

Поддршката на Европската комисија за изработката на оваа публикација не претставува одобрување на содржината, која ги одразува само гледиштата на авторите и Комисијата не може да биде одговорна за каква било употреба на информациите содржани во неа.

националното истражување за Извештајот на европско ниво, кое вклучува спроведување на интервјуа со професионалци кои работат со млади луѓе и национално деск истражување. Подоцна, партнерите ќе ги развијат назначените модули од Прирачникот.

## Следни чекори

На овој состанок беа утврдени конкретни рокови за претстојните задачи, а беа разгледани и доделени одговорностите за следење на квалитетот и дисеминацијата на проектните активности.

Би сакале да му се заблагодариме на нашиот координатор, AFEJI (Франција) и останатите наши партнери: KMOP Education and Innovation Hub (Грција), Bashkia Shkodër (Албанија), Społeczna Akademia Nauk (Полска) и KMOP Скопје (Македонија) за нивната соработка и придонес во проектот и состанокот.

👉 Следете го „Hold On“ на социјалните мрежи за да бидете во тек и да го следите напредокот на проектот и бидете први што ќе дознаете за интересните резултати од нашата анкета за ментално здравје и врсничка поддршка спроведена меѓу младите низ ЕУ!

Consortium:

Поддршката на Европската комисија за изработката на оваа публикација не претставува одобрување на содржината, која ги одразува само гледиштата на авторите и Комисијата не може да биде одговорна за каква било употреба на информациите содржани во неа.